**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 1902-72/11 од 11.4.2016 г. и Одлука бр. 1902-72/14 од 11.4.2016 г. донесени на 140. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 5.4.2016 г., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Комисијата работеше во следниов состав:

– д-р Марија Кусевска – претседател, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– д-р Нина Даскаловска – член, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– д-р Драгана Кузмановска – член, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 26.3.2016 г. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Снежана Кирова, виш лектор по англиски јазик на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Снежана Кирова** (род. Савин) е родена на 5 декември 1957 год. во Српска Црња, Р. Србија. Основно и средно образование (гимназија, Природно-математичка насока) со континуиран одличен успех завршува во родното место. На Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, Англистика, се запишува во 1976 година, а дипломира во 1980 година.

Своето понатамошно усовршување веднаш го продолжува на истиот факултет, на постдипломско ниво во учебната 1980/1981 година. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „Социјална тематика во некои романи на Катарина Сузана Причард“ во 1984 година и се стекнува со академски степен магистер на филолошки науки.

***Работно искуство***

Во периодот 1983-1986 година работи како професор по англиски јазик во гимназијата во Свети Николе.

Од 1986 година до 1993 година работи како инокореспондент во Текстилниот комбинат „Македонка“, каде што се стекнува со широко познавање на англискиот јазик од областа на текстилството.

Како професор по англиски јазик работи во двете основни училишта во Пробиштип во периодот од 1993 до 1996 година, а предава и во гимназијата во Пробиштип.

Во 1996 година на седница на Матична комисија за основање на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана во звањето предавач по предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2000 година е избрана за виш предавач по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2005 година е избрана за виш лектор по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на своето работење на Педагошки факултет ги предава предметите: Англиски јазик 1 и 2, Англиски јазик изборен предмет - напреден курс и Англиски јазик изборен предмет – втор странски јазик, почетен курс. Исто така ги предава и предметите Основи на англоамериканска цивилизација и култура и Јазични вежби на Модулот за рано учење на англиски јазик на двете насоки.

Од 2007 год. работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во Центарот за јазици, а од учебната 2008/2009 година работи како виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и ги предава задолжителните предмети Англиски јазик (лекторска настава) 1 и 2 и на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет и предметите Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика - Штип.

Во учебната 2009/2010 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4 и Граматика на англискиот јазик 3 и 4 (Морфологија 1 и 2) на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип и во Струмица и предметите Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика во Штип.

Во учебната 2010/2011 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 1 и 2, Англиски јазик (лекторска настава) 5 и 6 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип и во Струмица и предметите Англиски јазик и Деловен англиски јазик на Факултетот за информатика во Штип.

Во учебната 2011/2012 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 3 и 4, Англиски јазик (лекторска настава) 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, предметот Англиски јазик на Одделенска настава и Предучилишно воспитување и Англиска морфологија на Модулот за рано учење на англиски јазик на Педагошкиот факултет во Штип и во Струмица – изборен предмет.

Во учебната 2012/2013 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 3, 4, 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, задолжителниот предмет Англиски јазик на Одделенска настава (Штип и Струмица) и Предучилишно воспитување (Штип) и изборните предмети Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Педагошкиот факултет во Штип и во Струмица.

Во учебната 2013/2014 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 5, 6, 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 (Штип и Радовиш) на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, задолжителниот предмет Англиски јазик на Одделенска настава (Штип и Струмица) и Предучилишно воспитување (Штип) и изборните предмети Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Факултетот за образовни науки во Штип и во Струмица.

Во учебната 2014/2015 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 7 и 8 и Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 (Штип и Радовиш) на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, изборните предмети Англиски јазик УГД 1 и 2 на Факултетот за образовни науки (Штип и Струмица) и изборните предмети Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Факултетот за образовни науки во Штип и во Струмица, и изборните предмети Англиски јазик УГД 1 и 2 на Ликовната и на Филмската академија во Штип.

Во учебната 2015/2016 година како виш лектор по англиски јазик ги предава задолжителните предмети Современ англиски јазик 7 и 8 и Морфологија на англискиот

јазик 1 и 2 во Штип на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, изборните предмети Англиски јазик УГД 1 и 2 на Факултетот за образовни науки во Штип и изборните предмети Јазични вежби и Англиска морфологија (на Модулот за рано учење на англиски јазик) на Факултетот за образовни науки во Штип и во Струмица, и изборните предмети Англиски јазик УГД 1 и 2 на Ликовната и на Филмската академија во Штип.

М-р Снежана Кирова е член на Комисијата за потпишување на пријави и оценки за предметот Англиски јазик на нематични факултети, потписник на предметите Современ англиски јазик 1-8 (задолжителни), Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 (задолжителни), Меѓукултурни релации Македонија - Велика Британија (изборен предмет на Филолошки факултет), потписник на признати испити на нематични факултети и член во комисии за одбрана на дипломска работа на Факултетот за образовни науки при УГД, ментор и член на голем број комисии за одбрана на дипломски работи и завршни испити на Филолошкиот факултет при УГД. Член е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет и надворешен член на ННС на Факултетот за образовни науки, Технолошко-техничкиот факултет и Факултетот за информатика.

Во периодот од крајот на 2012 до јуни 2015 год. е раководител на Институтот за јазици при Филолошки факултет.

***Стручна и наставно-научна активност***

**Во** текот на изборниот период (2012-2016) виш лектор м-р Снежана Кирова учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на својата тесно-стручна усовршеност од областа на англиски јазик и филолошките науки општо, така и од областа на образованието и воспитанието, при што има објавено поголем број научни и стручни трудови, а други се во печат.

***Учество во проекти***

– Доц. д-р Драгана Кузмановска, д-р Нина Даскаловска, д-р Светлана Јакимовска, д-р Даринка Маролова, д-р Ева Ѓорѓиевска, д-р Толе Белчев, д-р Марија Леонтиќ, д-р Махмут Челик, м-р Биљана Иванова, **м-р Снежана Кирова**, м-р Марија Тодорова, м-р Јована Караникиќ, Проект „МЕНТОР“, ПСД-Груп Љубљана и Филолошки факултет - Штип, 2016-2018.
– Соработник во проектот „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2016-2018.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

Kuzmanovska, Dragana and **Kirova, Snezana,** and Petkovska, Biljana (2015) *Улогата на наставникот во интеркултуралното образование,* In: Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, 02 Oct 2015, Stip, Macedonia.

**Kirova, Snezana** and Kuzmanovska, Dragana and Petkovska, Biljana (2015) *What should modern school learn.* In: Меѓународна научна конференција: Образованието во XXI век – состојби и перспективи, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Kuzmanovska, Dragana and Ivanova, Biljana and **Kirova, Snezana** (2015) *Јазиците-мостови и ѕидови во комуникацијата.* In: Second International Scientific Conference: Social change in the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Stavreva Veselinovska, Snezana and **Kirova, Snezana** (2015) *Macedonian Students' Perception of Pollution and the Environment through Teaching Environmental Topics in English Language Classes,* In: Seminar of Ecology with International Participation, 23-24 April 2015, BAS Sofia, Bulgaria

Kuzmanovska, Dragana and Petkovska, Biljana and **Kirova, Snezana** (2014) *Наставникот како главна нишка во забавување на процесот на заборавање кај учениците.* In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи, 14 May 2014, Stip, Macedonia.

Petkovska, Biljana and **Kirova, Snezana** and Kuzmanovska, Dragana (2014) *Улогата на наставникот во изучувањето на странските јазици.* In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи, 14 May 2014, Stip, Macedonia.

Ivanova, Biljana and **Kirova, Snezana** and Kuzmanovska, Dragana (2014) *Ставовите на студентите во врска со наставничките компетенции.* In: Научно- стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, 03 Oct 2014, Stip, Macedonia.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Kirova, Snezana** (2014) *Management in schools in a multiethnic environment.* Conference proceedings from First international conference "Practicum of future pedagogues teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges", 27-29 ноември, Скопје, Македонија

**Kirova, Snezana** and Petkovska, Biljana (2014) *Англицизмите како директни заемки во македонскиот јазик.* In: Научни скуп: Наука и глобализација, 17–19 мај 2013, Пале, Источно Сараево, Република Српска.

***Список на објавени трудови од 2013 до 2016 година***

Kirova, Snezana and Stavreva Veselinovska, Snezana (2015) *Global issues and English as global language.* The man in the global world: Collection of papers International scientific conference Voronezh May 18-20, 2015, 1 (1). pp. 465-469. ISSN 978-5-9273-2207-7.

Petkovska, Biljana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana (2015) *Зошто да се учат странските јазици?* Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6. pp. 223-227. ISSN 1857-7059.

Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2015) *Креативноста и знаењето го креираат патот до училишниот успех.* Сосотојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: Зборник на трудови. pp. 59-62. ISSN ISBN 978-608-242-021-9.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2015) *Management in schools in a multiethnic environment.* Conference proceedings from First international conference "Practicum of future pedagogues teachers and kindergarten teachers in multicultural environments-experiences and challenges", 2015. pp. 295-299. ISSN ISBN 978-608-238-086-5.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2014) *Curriculum and value orientation in secondary schools.* Knowledge, International Journal, 7. pp. 213-217. ISSN 978-606-65653-7-4.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2014) *Environmental education in R. Macedonia objectives, tendencies, paradigms.* Proceedings of 12th International Cooperation, 12 (1). pp. 249-256.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2014) *Application of Innovative Models in Teaching Methods for Introduction to Nature and Society and Students' Success.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 16 (1). pp. 58-80. ISSN 2307- 4531.

Kirova, Snezana (2014) Каков наставник всушност сакаме. Годишен зборник 2013 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857-7059.

Petkovska, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana (2014) *Проектот како важен елемент во остварување на наставниот процес.* Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на Учитељским (педагошким) факултетима, pp. 322-327. ISSN 978-86-6301-011-6.

Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana (2014) Три методи за учење на новите генерации. Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 9 (13). pp. 87-93. ISSN 1857- 8705.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana and Mirascieva, Snezana and Petrovski, Vlado (2014) *Карактеристики на успешен воспитувач.* Педагошка ревија (1-2). pp. 29-35. ISSN 1409-9187.

Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana (2014) *Анализа на фразеолошките единици со компонентата „уста“ во германскиот и во англискиот јазик.* Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (1). pp. 33-41. ISSN 1857-7059.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2014) *Family Structure and Behavior Disorders in Students in Primary Education in Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 18 (1). pp. 8-32. ISSN 2307 – 4531.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2014) *Specifics of managing the educational process.* Наука 21 века: Вопросы, гипотезы, ответы научный журнал, 6. ISSN 2307-5902.

Jovanov, Jane and Kirova, Snezana (2014) „Прекрасен нов свет“ - преглед и социофилософска анализа. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, 5 (1). pp. 119-127. ISSN 1857-7059.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) *Blending the teaching of environmental matters and English as a second or foreign language.* Natura Montenegrina, 12 (3-4). pp. 1065-1071. ISSN 1451-5776.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) *Experience in using e-learning materials for environmental education.*Sedmi međunarodni simpozijum Tehnologija, informatika i obrazovanje - Stanje i problemi, ciljevi i mogućnosti, promene i perspektive, 1 (7). pp 625-638. ISSN 978-99955-59-43-4.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) *Student Perceptions of Interactive Whiteboards in a Biology Classroom.* Tehnologija, informatika i obrazovanje - Stanje i problemi, ciljevi i mogućnosti, promene i perspektive, 1 (7). pp. 735-753. ISSN 978-99955-59-43-4.

Kirova, Snezana and Jovanov, Jane (2013) Преглед на потеклото на имињата на деновите во неделата. Воспитание, Списание за образовна теорија и практика, 8 (12). pp. 61-69.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) Проблемы использования информационно-компьютерных технологий как средств в учебном процессе. Вестник по педагогике и психологии Южной Сибири (4). pp. 25-29. ISSN 2303-9744.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) Улучшение когнитивных способностей учащихся, как следствие инновационного подхода в преподавании естественных наук. Творческий вызов или интеллектуальный риск? Вестник Восточно-Сибирской Открытой Академии (ВСОА) (11). ISSN 2304-4705.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) *From traditional to modern concepts of teaching contents of the subjects the world around us and nature and society.* Skola Tworcza w Odtworczym Swiecie, Biblioteka wspolczesnej mysli pedagogicznej, 2. pp. 85-94. ISSN 2300-2689.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2013) *Game as a necessary technique for learning foreign languages.* Filoloska istrazivanja danas, II. pp. 423-434.

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2013) *How to teach environmental education during efl/esl lessons?* Lifelong learning continuous education for sustainable development, 11 (I). pp. 253-256.

Petkovska, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska,Dragana (2015) *Ставовите на студентите во врска со наставничките компетенции.* In: Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, 03 Oct 2014, Stip, Macedonia.

Ulanska, Tatjana and Kirova, Snezana (2015) Дијалог *како техника на учење низ неколку приоди.* In: Научно-стручна трибина на тема: „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“, 03 Oct 2014, Stip, Macedonia.

Kuzmanovska, Dragana and Petkovska, Biljana and Kirova, Snezana (2015) Јазиците-мостови и ѕидови во комуникацијата. In: Second International Scientific Conference: Social change in the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Ulanska, Tatjana and Kirova, Snezana (2015) *Investigation of errors that native Macedonians make while learning English.* In: Человек в глобальном мире, 18–20 May 2015, Voronezh, Russia.

Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana and Petkovska, Biljana (2015) *What should modern school learn.* In: Меѓународна научна конференција: Образованието во XXI век – состојби и перспективи, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia. (Submitted)

Stavreva Veselinovska, Snezana and Kirova, Snezana (2014) *Examination of students' attitudes toward their participation in environmental activities in schools (comparatively rural - urban environment).* In: University of Western Macedonia, Faculty of Education, 1st International Conference - Education Across Borders, 5-7 Oct 2012, Florina, Greece. Kuzmanovska,Dragana and Petkovska,Biljana and Kirova,Snezana (2014) *Наставникот како главна нишка во забавување на процесот на заборавање кај учениците.* In: Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи, 14 May 2014, Stip, Macedonia.

Petkovska, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana (2014) Улогата на наставникот во изучувањето на странските јазици. In: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи, 14 May 2014, Stip, Macedonia.

Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana (2014) Англицизмите како директни заемки во македонскиот јазик. In: Научни скуп: Наука и глобализација, 17–19 May 2013, Пале, Источно Сараево, Република Српска.

Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kirova, Snezana (2014) *Management in schools in a multiethnic environment.* In: Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments – Experiences and Challenges, 27-29 Nov 2014, Skopje, Macedonia.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

М-р Снежана Кирова беше избрана во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и во нејзиниот претходен мандат, на 19.12.2012 година со Одлука бр. 2402-213/4 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 2402-189/6 од 17.10.2012 година.

***Објавени научни и најмалку пет стручни трудови***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petkovska, Biljana and Kuzmanovska, Dragana and **Kirova, Snezana** | *Зошто да се учат странските јазици?* | Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип | 2015 |
| 2 | Petkovska, Biljana and **Kirova, Snezana** and Kuzmanovska, Dragana | *Проектот како важен елемент во остварување на наставниот процес.* | Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на Учитељским (педагошким) факултетима | 2014 |
| 3 | Petkovska, Biljana and **Kirova, Snezana** and Kuzmanovska, Dragana | *Улогата на наставникот во изучувањето на странските јазици.* | Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи | 2014 |
| 4 | Kuzmanovska, Dragana and Petkovska, Biljana and **Kirova, Snezana** | *Јазиците - мостови и ѕидови во комуникацијата* | Second International Scientific Conference: Social change in the global world | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Kuzmanovska, Dragana and **Kirova, Snezana** and Ivanova, Biljana | *Креативноста и знаењето го креираат патот до училишниот успех* | Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: Зборник на трудови | 2015 |

Евалуација на трудот „Зошто да се учат странските јазици”. Во овој труд се разработува прашањето зошто да се учат странските јазици, која е мотивацијата за тие да се научат и која е придобивката од нив.

Евалуација на трудот „Проектот како важен елемент во остварување на наставниот процес“. Во овој труд се разработува проектот како еден од елементите на успешна настава и се наведуваат предностите на оваа наставна метода.

Евалуација на трудот „Улогата на наставникот во изучувањето на странските јазици“. Во овој труд се разработува улогата на наставникот и неговото мотивирање на учениците во однос на изучувањето на странските јазици, нивното активно учество во процесот на учење на јазикот, со што тие би се приспособиле на социјалниот живот и би станале дел од англиското и германското образовно општество во Република Македонија.

Евалуација на трудот „Јазиците - мостови и ѕидови во комуникацијата“. Во овој труд се разработува темата за тоа како се изградиле мостови, но и ѕидови во комуникацијата врз основа на комуникацијата, однесувањето на луѓето и доаѓањето во допир со различни култури и јазици.

Евалуација на трудот „Креативноста и знаењето го креираат патот до училишниот успех“. Во овој труд се разработува една многу важна но често игнорирана нишка во современата настава, а тоа е поттикнување на креативноста кај учениците со цел продуцирање на образовни кадри кои подоцна во животот ќе можат полесно да ги преминуваат пречките на кои ќе наидат.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати во текот на нејзиното работење како во областа на англистиката, така и на планот на стручното педагошко усовршување, учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и кандидатката м-р Снежана Кирова да биде избрана во звањето **виш лектор за наставно-научната област англистика.**

Врз основа на приложената документација констатиравме дека се работи за кандидатка која потполно ги исполнува критериумите за избор во виш лектор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Драгана Кузмановска, доцент, член, с.р.**